Хорхе Луис Борхес

ИЗВЕШТАЈОТ НА БРОДИ

Делото е објавено во рамки на „Сур“ програмата за поддршка на преводи при Министерството за надворешни работи и култура на Република Аргентина

Obra editada en el marco del Programa “Sur” de Apoyo a las Traducciones del Ministerio de Relaciones Exteriores y Culto de la República Argentina

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Jorge Luis Borges, EL INFORME DE BRODIE

Copyright © 1995, Maria Kodama
All rights reserved

Превод од шпански јазик
Ненад Велковски

Јазична редакција
Филип Димевски

Компјутерска обработка
БЕГЕМОТ

Ликовно уредување
Бојан Димитријевиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Хорхе Луис Борхес

ИЗВЕШТАЈОТ НА БРОДИ

Бегемот
Скопје, 2015

КРАТКА СОДРЖИНА

ПРОЛОГ 7
НАТРАПНИЧКАТА 12
НЕДОСТОЈНИОТ 19
ПРИКАЗНА ЗА РОСЕНДО ХУАРЕС 29
СРЕДБАТА 38
ХУАН МУРАЊА 48
СТАРАТА ГОСПОЃА 55
ДУЕЛОТ 65
ДРУГИОТ ДУЕЛ 74
ГВАЈАКИЛ 81
ЕВАНГЕЛИЕ ПО МАРКО 94
ИЗВЕШТАЈОТ НА БРОДИ 103

ПРОЛОГ

Последните раскази на Киплинг беа не помалку лавиринтски и мачни отколку тие на Кафка или на Џејмс, коишто несомнено ги надминуваат; ама во 1885 година, во Лахор, започнал една серија кратки раскази, напишани на директен начин, што ќе ги собере во 1890 година. Не малку – In the House of Suddhoo, Beyond the Pale, The Gate of the Hundred Sorrows – *се лаконски ремек-дела; понекогаш помислував дека тоа што го смислило и направило едно генијално момче може да биде имитирано без нескромност од некој човек во својата старост, којшто ја знае работата. Плодот на тоа размислување е оваа книга, за која моите читатели ќе дадат мислење.*

Се обидов, не знам со каква среќа, да ги намалам директните раскази. Не се осмелувам да тврдам дека се едноставни; не постои на земјава ниту една страница, ниту еден

збор, што се едноставни, бидејќи сите го постулираат светот, чиј најпознат атрибут е сложеноста. Сакам само да разјаснам дека не сум, ниту некогаш сум бил, она што порано се викаше баснописец или проповедник на параболи, а сега ризичен писател. Немам аспирации да бидам Езоп. Моите раскази, како оние од Илјада и една ноќ*, имаат намера да забавуваат и да предизвикаат емоции, а не да убедуваат. Оваа намера не значи дека се затворам, според соломонскиот лик, во една кула од слонова коска. Моите убедувања на политички план се добро познати; пристапив во Конзервативната партија, што е еден вид скептицизам, и никој не ме окарактеризирал како комунист, националист, антисемит, припадник на Црна Мравка или на Росас. Мислам дека со текот на времето заслужуваме да нема влади. Никогаш не сум ги затскривал своите мислења, дури ни во многу тешките години, ама не сум дозволил да се мешаат во моето литературно дело, освен кога ме поттикна егзалтираноста од Шестдневната војна. Литературната работа е мистериозна; она што го мислиме е ефимерно и ја одбирам платонската теза на Музата, а не таа на По, кој сметаше, или глумеше дека смета, дека пишувањето една поема е операција на интелигенцијата. Не престанува да ме зачудува што класиците застапуваат романтична теза, а еден романтичен поет, класична теза.*

Освен текстот што му го дава името на оваа книга и што отворено потекнува од последното патување направено од Лемуел Гуливер, моите приказни се реалистични, да ја искористам номенклатурата што е во мода денес. Ги забележувате, верувам, сите норми на жанрот, не помалку конвенционален од другите и од кој брзо ќе се умориме или веќе сме уморни. Преполни се во баранатa инвенција со случајни факти, за кои има исклучителни примери во англосаксонската балада на Малдон, што датира од X век и во последните саги на Исланд. Два раскази – нема да кажам кои – дозволуваат едно исто фантастично решение. Љубопитниот читател ќе забележи некои интимни афинитети. Малку теми ме измачувале со текот на времето; јас сум одлучно монотон.

Му го должам на еден сон на Уго Родригес Морони главниот заплет на приказната што е насловена „Евангелие по Марко“, најдобрата од серијата; се плашам дека сум ја расипал со промени што мојата имагинација или мојот разум ги сметале за соодветни. Од друга страна, литературата не е ништо друго освен еден управуван сон.

Се откажав од изненадувањата на еден барокен стил; исто така од оние што сакаат да претстават еден непредвидлив крај. Повеќе сакав, во целина, подготовка на едно очекување или на зачудување. Долги години

мислев дека ќе ми биде овозможено да постигнам некоја добра страница со варијации и новитети; сега, кога наполнив шеесет години, мислам дека си го пронајдов својот глас. Вербалните модификации нема да го расипат ниту ќе го подобрат тоа што го искажувам, освен кога тие можат да олеснат некоја тешка реченица или да ублажат некоја емфаза. Секој јазик е една традиција, секој збор еден споделен симбол; неважно е она што еден иноватор е способен да го измени; да се сетиме на прекрасното, ама не малку пати нечитко дело на еден Маларме или на еден Џојс. Веродостојно е дека овие разумни причини се плод на уморот. Веќе напреднатата возраст ми ја покажа резигнираноста да се биде Борхес.

Непристрасно ми е гајле за Речникот на Кралската академија, don't chaque edition fait regretter la précédent, *според меланхоличното мислење на Пол Грусак, и досадните речници на аргентинизми. Сите, тие од оваа и тие од другата страна на морето, тежнеат да ги нагласуваат разликите и да го разделуваат јазикот. Се сеќавам за оваа цел дека на Роберто Арлт му го фрлија в лице неговото непознавање на лунфардо и дека одговори: „Израснав во Вила Луро, меѓу сиромашни и криминалци, и навистина немав време да ги учам тие работи". Лунфардо, во суштина, е литературна шега измислена од писатели на кратки комични дела и од композитори на*

танго и луѓето од приградските населби не го знаат, освен ако плочите од грамофонот не ги индоктринирале.

Ги сместив своите раскази малку далеку, било во времето, било во просторот. Имагинацијата може да дејствува така со поголема слобода. Кој, во 1970 година, ќе се сети точно што биле, на крајот од претходниот век, приградските населби Палермо или Ломас? Колку и да изгледа неверојатно, има скрупулозни луѓе што си играат полицајци на малите занимации. Забележуваат, на пример, дека Мартин Фиеро зборувал за една кеса со коски, не за вреќа со коски, и не го одобруваат, можеби неправедно, розовото крзно на некој познат коњ.

Господ нека те спаси, читателу, од долги пролози. Цитатот е од Кеведо, кој, за да не западне во анахронизам што ќе биде откриен по долго време, не ги прочитал никогаш тие на Шо.

Х.Л.Б.
Буенос Аирес, 19 април 1970 година

НАТРАПНИЧКАТА

2 Кралеви, I, 26

Велат (што е неверојатно) дека приказната била раскажана од Едуардо, помалиот од браќата Нилсен, на бдеењето на Кристијан, постариот, кој умрел од природна смрт, околу илјада осумстотини деведесет и некоја, на територијата на Морон. Вистината е дека некој ја слушнал од некого во текот на таа долга загубена ноќ, меѓу мате и мате, и му ја прераскажал на Сантјаго Дабове, од кого ја слушнав. Години подоцна, пак ми ја раскажаа во Турдера, каде што се случила. Втората верзија, малку поопширна, ја потврдуваше накратко таа на Сантјаго, со малите варијации и отстапки што се нормални. Ја пишувам сега зашто во неа се споменува, ако не се лажам, една кратка и трагична црта од природата на старите жители на приградските населби. Ќе го направам тоа со чесност,

ама веќе гледам дека ќе му попуштам на литературното искушение да нагласам или да додадам некоја ситница.

Во Турдера ги викаа браќата Нилсен. Парохот ми кажа дека неговиот претходник се сеќавал, не без изненадување, дека видел во куќата на тие луѓе една изветвена Библија со црни корици, со готски букви; на последните страници ги наsрел имињата и датумите напишани со рака. Била единствената книга што ја имале во куќата. Несреќната приказна за браќата Нилсен, загубена како што ќе се загуби сè. Куќата, што веќе не постои, била од неваросани цигли; од тремот се гледале еден внатрешен двор од црвени плочки и уште еден од земја. Малкумина, покрај другото, влегле таму; нивниот луксуз биле коњот, опремата за коњот, камата со кратко сечило, саботната свечена облека и алкохолот што предизвикува кавги. Знам дека биле високи, со црвеникава коса. Данска или Ирска, за кои веројатно никогаш не слушнале, течеле по крвта на тие двајца креоли. Населбата им се плашела зашто биле Црвени; не е неверојатно да биле одговорни за некоја смрт. Рамо до рамо се бореле еднаш со полицијата. Се вели дека помалиот се степал со Хуан Ибера, и не го истргал полошиот крај, што, според упатените, е многу лош. Возеле воловски коли, биле воловари, крадачи на добиток и понекогаш коцкари. Имале фама на лакоми, освен кога пиењето и играта не ги правеле дареж-

ливи. За нивните родители не се знае ништо, дури ни од каде дошле. Биле стопани на една воловска кола и чифт волови.

Физички се разликувале од групата што ѝ го дала престапничкиот прекар на Коста Брава. Ова, и тоа што не го знаеме, помага да разбереме колку биле блиски. Да се задеваш со едниот значело да имаш двајца непријатели.

Браќата Нилсен биле развратни, ама нивните љубовни епизоди биле дотогаш на некој трем или по јавни куќи. Не недостигале, затоа, коментари кога Кристијан ја однел да живее со себе Хулијана Бургос. Вистина е дека добил на тој начин слугинка, ама не е помалку точно дека ја преполнил со ужасни дреболии и дека ги носела на забавите. На сиромашните забави во бордели, каде преблиското танцување и додворувањето биле забранети и каде што се танцувало, сè уште, со многу светлина. Хулијана била со темен тен и со закосени очи; доволно било некој да ја погледне за да се насмевне. Во една сиромашна населба, каде што работата и сексот ги трошат жените, не била лоша.

Едуардо ги придружувал на почетокот. Потоа заминал на пат во Аресифес за не знам која работа; на враќање однел дома некоја девојка, што ја собрал по патот, и по неколку дена ја избркал. Станал понепријатен; се опијанувал само во меаната и не се гледал со никого. Бил вљубен во жената на Кристијан. Населбата, што можеби го знаела тоа пред

него, го предвидела со перфидна радост латентното ривалство на браќата.

Една ноќ, кога се вратил доцна од аголот, Едуардо го видел коњот на Кристијан врзан на оградата. Во дворот, поголемиот го чекал со својата најубава облека. Жената одела ваму-таму со матето в рака. Кристијан му рекол на Едуардо:

„Јас ќе одам на една забава во Фаријас. Ете ти ја Хулијана; ако ја сакаш, искористи ја“.

Тонот бил меѓу наредувачки и срдечен. Едуардо стоел некое време гледајќи го; не знаел што да направи. Кристијан станал, се збогувал со Едуардо, не со Хулијана, што била предмет, се качил на коњот и си заминал во кас, без брзање.

Од таа ноќ ја делеле. Никој не ќе ги знае деталите од таа валкана врска, што ја навредувала пристојноста на населбата. Договорот одел добро неколку недели, ама не можел да трае. Меѓу себе, браќата не го изговарале името на Хулијана, дури ниту за да ја повикаат, ама барале, и наоѓале, причини за да не се согласуваат. Се расправале за продажбата на некои кожи, ама она за што се карале било друго нешто. Кристијан имал обичај да го повиши гласот и Едуардо молчел. Без да го знаат тоа, си завидувале. Во строгото предградие, маж не кажувал, ниту си кажувал, дека една жена може да му значи повеќе од желбата и поседувањето, ама обајцата биле вљубени. Ова, на некој начин, ги понижувало.

Едно попладне, на плоштадот Ломас, Едуардо се сретнал со Хуан Ибера, кој му честитал за таа умешност што си ја навел водата на своја воденица. Било тогаш, мислам, кога Едуардо го опцул. Никој, пред него, не смеел да му се потсмева на Кристијан.

Жената ги опслужувала обајцата со животинска потчинетост; ама не можела да сокрие една преференција за помалиот, кој не одбил да учествува, ама што не го искористил тоа.

Еден ден ѝ наредиле на Хулијана да извади два стола во првиот двор и да не се појавува таму, зашто морале да разговараат. Таа очекувала долг разговор и си легнала да поспие, ама по кратко време ја разбудиле. Ја натерале да наполни една торба со сè што имала, без да ја заборави стаклената бројаница и крвчето што ѝ ги оставила мајка ѝ. Без да ѝ објаснат ништо, ја качиле на колата и тргнале на еден тивок и здодевен пат. Врнело; патиштата биле многу непроодни и веројатно било три часот наутро кога стигнале во Морон. Таму ѝ ја продале на газдарицата на јавната куќа. Договорот веќе бил направен; Кристијан ја зел исплатата и ја поделил подоцна со другиот.

Во Турдера, браќата Нилсен, загубени дотогаш во заплеткаоста (што исто така била рутина) на таа монструозна љубов, сакале да си го повратат својот стар живот на мажи меѓу мажи. Се вратиле на сплетките, на караниците, на случајните забави. Може-

би, понекогаш, мислеле дека се спасени, ама упорно запаѓале, секој еден на своја страна, во неоправдани или премногу оправдани отсуства. Малку пред крајот на годината помалиот рекол дека има работа во главниот град. Кристијан отишол во Морон; на оградата на куќата што ја знаеме го препознал коњот на Едуардо. Влегол; внатре бил другиот, чекајќи ред. Веројатно Кристијан му рекол:

„Ако продолжиме вака, ќе ги умориме коњите. Подобро е да ни биде при рака“.

Зборувал со газдарицата, извадил неколку монети од појасот и си ја зеле. Хулијана одела со Кристијан; Едуардо го боднал коњот за да не ги гледа.

Се вратиле на тоа што веќе кажав. Нечесното решение не успеало; обајцата подлегнале на искушението да прават измама. Каин шетал таму, ама љубовта меѓу браќата Нилсен била многу голема – кој знае какви суровости и какви опасности споделиле! – и повеќе сакале да си го лекуваат очајот со туѓинци. Со некој непознат, со кучињата, со Хулијана, којашто го донела несогласувањето.

Март само што завршувал и жештината не стивнувала. Една недела (во неделите луѓето обично се прибираат порано) Едуардо, кој се враќал од меаната, видел дека Кристијан ги впрегнува воловите. Кристијан му рекол:

„Дојди; мораме да однесеме едни кожи во Пардо. Ги натоварив веќе; да ја искористиме свежината“.

Продавницата во Пардо била, мислам, појужно; тргнале по Патот на трупите; потоа по еден скратен пат. Полето се зголемувало со ноќта.

Се доближиле до едно поле со трева; Кристијан повлекол од цигарата што ја запалил и рекол без брзање:

„На работа, брате. Потоа ќе ни помогнат мршојадците. Денес ја убив. Нека остане овде со своите партали. Веќе нема да предизвикува штети“.

Се прегрнале, речиси плачејќи. Сега ги врзувал друг спој: тажно жртвуваната жена и обврската да ја забораваат.